ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:09-70/11

Дата: 02.11.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Собрание на Република Македонија (во понатамошниот текст Собрание на РМ) на сметката на буџет на донации (785-40) за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2015 година изразивме мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме дале било каков извештај за финасиските извешатаи на Собрание на Република Македонија за сметката на буџет на донации за годините кои и претходат на годината која е предмет на ревизија.

Од страна на овластеното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 5 до 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на буџет на донации (785-40) на Собрание на РМ, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2015 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Собрание на РМ за сметката на буџет на донации 785-40 за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на Собрание на РМ застапувано од:

- Трајко Вељаноски - Претседател на Собрание на РМ од 10.05.2014 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.03.2016 до 30.06.2016 година од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Собрание на РМ - одржан на ден 07.07. 2016 година.
Од страна на овластеното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-70/6 од 26.08.2016 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Собрание на Република Македонија сметка на буџет на донации 785-40 на ден 31 декември 2015 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Собрание на Република Македонија**
**Сметка на донации (785-40)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2015 година**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2015** | **2014** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 17.779 | 8.891 |
| **Вкупно приходи** | **17.779** | **8.891** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 3.293 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 6.001 | 8.122 |
| **Вкупно тековни расходи** | **9.294** | **8.122** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 8.158 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **8.158** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **17.452** | **8.122** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **327** | **769** |

**Собрание на Република Македонија**
**Сметка на донации** (785-40)
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 294 | 769 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 106 | 0 |
| Побарувања од вработените | 33 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 563 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **996** | **769** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 1.111 | 0 |
| Материјални средства | 4.487 | 0 |
| Материјални средства во подготовка | 5.800 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **11.398** | **0** |
| **Вкупна актива** | **12.394** | **769** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 114 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 449 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 6.233 | 769 |
| **Вкупно тековни обврски** | **6.796** | **769** |
| **Долгорочни обврски** | **0** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 5.598 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **5.598** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **12.394** | **769** |

Собрание на Република Македонија
Сметка на донации (785-40)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2015 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2015 година** | - | - | - |
| **Зголемување по основ на:** | 5.997 | - | 5.997 |
| Набавки | 5.780 | - | 5.780 |
| Корекции во тек на ревизија | 217 | | 217 |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | 399 | - | 399 |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 399 | | 399 |
| **Состојба 31.12.2015 година** | 5.598 | - | 5.598 |